Уп. бр.08-116

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Агри Европа Кипар Лимитид (Agri Europe Cyprus Limited) со седиште на Тхе Овал (The Oval), Канцеларија 502, Кринов 3, 4103 Агиос Атанасиос, Лимасол, Кипар, АИК Банка а.д. Белград (AIK Banka a.d. Beograd) со седиште на Булевар Михаил Пупина 115ѓ, 11070 Белград-Нов Белград, Србија и Горењска Банка д.д. Крањ (Gorenjska Banka d.d. Kranj) со седиште на Блејвејсова цеста 1, 4000 Крањ, Словенија, доставено преку адвокат Татјана Поповски Булоски од Скопје, на седницата одржана на ден 01.12.2021 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1.Се утврдува дека концентрација која се однесува на:

- стекнување на директна единствена контрола од страна на Агри Европа Кипар Лимитид (Agri Europe Cyprus Limited) со седиште на Тхе Овал (The Oval), Канцеларија 502, Кринов 3, 4103 Агиос Атанасиос, Лимасол, Кипар врз Сбербанк д.д. (Sberbank d.d.) со седиште на Варшавска 9, 1000 Загреб, Хрватска, Сбербанк БХ д.д., Сараево (Sberbank BH d.d. Sarajevo) со седиште на Фра Анѓела Звиздовиќа, Сараево, Босна и Херцеговина, Сбербанк а.д. Бања Лука (Sberbank a.d. Banja Luka), со седиште на Јеврејска 71, 78000 Бања Лука, Босна и Херцеговина, и Сбербанк Магјаорсзаг Зрт, (Sberbank Magyarország Zrt), со седиште на Ракоцзи ут 1-3, 1088 Будимпешта, Унгарија,

- стекнување на директна единствена контрола од страна на АИК Банка а.д. Белград (AIK Banka a.d. Beograd) со седиште на Булевар Михаил Пупина 115ѓ, 11070 Белград-Нов Белград врз Сбербанк Србија а.д. Белград (Sberbank Srbija a.d. Beograd) со седиште на Булевар Михаила Пупина 165г, 11070 Белград-Нов Белград, Србија и

- стекнување на директна единствена контрола од страна на Горењска Банка д.д. Крањ (Gorenjska Banka d.d. Kranj) со седиште на Блејвесова цеста 1, 4000 Крањ, Словенија врз Сбербанк банка д.д. (Sberbank banka d.d.) со седиште на Дунајска 128а, 1000 Љубљана, Словенија,

по пат на стекнување на сите или мнозински дел од акциите, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо

ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 08.11.2021 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Агри Европа Кипар Лимитид (Agri Europe Cyprus Limited) со седиште на Тхе Овал (The Oval), Канцеларија 502, Криноу 3, 4103 Агиос Атанасиос, Лимасол, Кипар, АИК Банка а.д. Белград (AIK Banka a.d. Beograd) со седиште на Булевар Михаил Пупина 115ѓ, 11070 Белград-Нов Белград, Србија и Горењска Банка д.д. Крањ (Gorenjska Banka d.d. Kranj) со седиште на Блејвеисова цеста 1, 4000 Крањ, Словенија, со која:

- Агри Европа Кипар Лимитид Лимасол, Кипар стекнува директна единствена контрола врз Сбербанк д.д., (Sberbank d.d.) со седиште на Варшавска 9, 1000 Загреб, Хрватска, Сбербанк БХ д.д., Сараево (Sberbank BH d.d. Sarajevo) со седиште на Фра Анѓела Звиздовиќа, Сараево, Босна и Херцеговина, Сбербанк а.д. Бања Лука (Sberbank a.d. Banja Luka), со седиште на Јеврејска 71, 78000 Бања Лука, Босна и Херцеговина, и Сбербанк Мађарорсзаг Зрт. (Sberbank Magyarország Zrt), со седиште на Ракоцзи ут 1-3, 1088 Будимпешта, Унгарија,

- АИК Банка а.д. Белград, Белград-Нов Белград, Србија стекнува директна единствена контрола врз Сбербанк Србија а.д. Белград (Sberbank Srbija a.d. Beograd) со седиште на Булевар Михаила Пупина 165г, 11070 Белград-Нов Белград, Србија и

- Горењска Банка д.д. Крањ стекнува директна единствена контрола врз Сбербанк банка д.д. (Sberbank banka d.d.) со седиште на Дунајска 128а, 1000 Љубљана, Словенија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото, го утврди следното:

Агри Европа Кипар Лимитид Лимасол, Кипар, АИК Банка а.д. Белград Србија и Горењска Банка д.д. Крањ се дел од МК Групација на друштва, главно активна во областа на земјоделство, финансии, туризам и енергија. Активностите на Групацијата се поделени во пет главни оддели:

- **МК Агри (MK Agri)** е оддел за земјоделство што се состои од 4 под-оддели МК Фарминг, МК Трејдинг, МК Месо и МК Шеќер (MK Farming, MK Trading,

МК Meat and МК Sugar). Некои од друштвата активни во овој оддел се Суноко, ПИК Бечеј, Карнекс и Сојапротеин (Sunoko, PIK Bečej, Carnex и Sojaprotein).

- **МК Финансије (МК Finance)** е оддел активен во финансискиот сектор. Освен АИК Банка и Горењска Банка, М&В Инвестментс (M&V Investments), активен во брокерство и берзански активности, е исто така дел од одделот.
- **МК Туризм (МК Tourism)** се состои од учество во хотели и недвижности во Хрватска  (Кемпински Хотел Адриатик Истриа (Kempinski Hotel Adriatic Istria) и Скипер Ресорт (Skiper Resort), Србија (Хотел Гранд Копаоник (Hotel Grand Kopaonik) и Шератон Нови Сад (Sheraton Novi Sad)) и Словенија (Кемпински Палас Порторож (Kempinski Palace Portorož)).
- **МК Енергија (МК Energy)** оддел е активен во областа на производство на електрична енергија од обновливи ресурси (ветер и биомаса). Друштва од овој оддел се МК Финтел Винс (МК Fintel Wins) и МК Биогас (МК Biogas).
- **МК Подршка (МК Support)**  се состои од друштва чија цел е помош и поддршка на целиот систем на МК Групацијата.

Агри Европа Кипар Лимитид Лимасол, Кипар е финансиско холдинг друштво во одделот на МК Финансије и неговите зависни друштва се, меѓу други, АИК Банка а.д. Белград Србија и Горењска Банка д.д. Крањ. Друштвата во другите оддели на Групацијата се поседувани од МК Холдинг Лимитид (Кипар) (MK Holding Limited (Cyprus)). Матичното друштво и крајното холдинг друштво на Агри Европа Кипар Лимитид и МК Холдинг Лимитид е Агри Холдинг АГ, Швајцарија  (Agri Holding AG, Switzerland). Агри Холдинг АГ и целата Групацијата се под крајна контрола на г. Мидораг Костиќ (Miodrag Kostić), државјанин на Србија.

Групацијата на подносителите нема зависни друштва регистрирани во Северна Македонија но е активна во Северна Македонија преку продажби.

Сбербанк д.д. Загреб, Хрватска, Сбербанк БХ д.д. Сараево, Босна и Херцеговина, Сбербанк а.д. Бања Лука, Босна и Херцеговина, Сбербанк Мађарорсзаг Зрт, Будимпешта, Унгарија, Сбербанк Србија а.д. Белград Србија и Сбербанк банка д.д. Љубљана, Словенија се универзални банки што работат како дел од Групацијата Сбербанк Европа на пазарите во Босна и Херцеговина (Сараево и Бања Лука), Хрватска, Унгарија, Србија и Словенија и истите немаат зависни друштва, ниту активности во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 2 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законотза заштита на конкуренцијата, е во согласност

со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф.Д-р Владимир Наумовски**